РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН КОМУНАЛЕН ИНСПЕКТОРАТ-СКОПЈЕ

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за транспорт и врски-Ministria e Transportit dhe Lidhjeve
Државен комунален инспекторат-Inspektorati Shtetëror Komunal
Бр.-Nr. 03-311/1
06. 11. 2023 год.-viti
Скопје-Shkup

# П Р А В И Л Н И К

# ЗА НАЧИНОТ НА УПОТРЕБА НА МОТОРНИТЕ ВОЗИЛА ВО ДРЖАВЕН КОМУНАЛЕН ИНСПЕКТОРАТ-СКОПЈЕ

Изработил
Kadrije Azizi

в.д. ДИРЕКТОР,
м-г Sali Ajdini

Скопје, ноември 2023 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН КОМУНАЛЕН ИНСПЕКТОРАТ-СКОПЈЕ

Врз основа на член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен венсик на РМ“ бр. 58/2000,46/2002), Директорот на Државниот комунален инспекторат-Скопје донесе:

# ПРАВИЛНИК
# ЗА НАЧИНОТ НА УПОТРЕБА НА МОТОРНИТЕ ВОЗИЛА ВО ДРЖАВЕН КОМУНАЛЕН ИНСПЕКТОРАТ-СКОПЈЕ

## I.Општи одредба

Со овој Правилник поблиску се пропишува начинот на употреба на моторните возила со кои располага Државниот комунален инспекторат-Скопје.

## II. Намена на моторните возила

### Член 1

Патничките моторни возила, Државниот комунален инспекторат-Скопје ги користи за потребите на вработените за извршување на службена дејност (работа) во врска со надлежноста на Државниот комунален инспекторат-Скопје.

### Член 2

Под службена дејност (работа ) од овој правилник се подрабира:

а) Работа што произлегува од надлежноста на Државниот комунален инспекторат-Скопје утврдена со закон.
б) Вршење на протокларни работи.
в) Извршување на работа на терен за потребите на Државниот комунален инспекторат-Скопје во однос на инспекциски надзор.

### Член 3

По исклучок моторни возила може да се користат и за:
а) Превоз за вредносни пратки и материјали што содржат податоци од доверлива природа.
б) Превоз на материјали и опрема за работа на Државниот комунален инспекторат-Скопје и
в) Превоз на заболен работник од работното место до станот кај живее или до соодветна здравствена установа.

## III. Услови и начин на користење на моторните возила

**Член 4**

Вработените во Државниот комунален инспекторат-Скопје за извршување на службени работи може да користат моторни возила, со одобрување на директорот или од него овластено лице.

**Член 5**

Користењето на моторните возила требе да биде рационално и однапред испланирано.

**Член 6**

Не е дозволено користење на моторни возила за извршување на службени работи, доколку оддалеченоста на местото кадешто се извршува работата е помала од 1(еден) километар,сметано ако корисникот оди пеш по пократок пат.

**Член 7**

Моторните возила со кои располага Државниот комунален инспекторат-Скопје,може да се користат за вршење на службени работи ма територијата на цела држава.

По исклучок, моторните возила може да се користат за службени патувања и во странство со одлука на директорот на Државниот комунален инспекторат-Скопје.

Патувањето со моторните возила во странство,корисникот на услугите го најавува најдоцна три дена пред почетокот на патувањето со писмено барање.

**Член 8**

Право на постојано користење и управување на патничко моторно возило има директорот на Државниот комунален инспекторат-Скопје.

Директорот на Државниот комунален инспекторат-Скопје може да донесе одлука за постојано користење на патничко моторно возило на друг вработен, за што ќе има издаде решение.

**Член 9**

Ако Државниот комунален инспекторат-Скопје не е во можност да ги задоволи сите барања на корисниците,поради недостиг на возила,гориво и слично,налозите се извршуваат според приоритет на работните задачи.

**Член 10**

Со патничкото возило на директорот управуваат возачи вработени во Државниот комунален инспекторат-Скопје, а со останатите возила и лица имат писмено овластување од директорот на Државниот комунален инспекторат-Скопје.

Возачите распоредени за превоз на директорот во време кога тие се одсутни може да се ангажираат за превоз и на други лица и други потреби со моторните возила со кои се задолжени или другите моторни возила на Државниот комунален инспекторат-Скопје.

Одобрувањетоза нивно ангажирање дава директорот или од него овластено лице.

**Член 11**

Вработените во Државниот комунален инспекторат-Скопје кои се задолжени со моторни возила обврзани се да доставуваат месечен извештај за користење на патничките возила до 10-ти во месецот за предходниот месец.

За моторните возила кои ги користат сите вработени,односно нема задолжено конкретно лице,месечниот извештај го изработува овластеното лице од директорот кое ја одобрува неговата употреба.

Извештајот се доставува до референтот задолжен за водење на евиденција за службените моторни возила.

Извештајот содржи корисник на моторното возило,број на извршени превози,помината километража и количина на потрошено гориво.

**Член 12**

Лимитот за количина на гориво поединечно за секое возило го одредува директорот на ДКИ а според потребите на Инспекциското одделение за исполнување на годишен план и потребите на другите одделениа во Државниот комунален инспекторат-Скопје.

**IV.Почеток и завршување на превозот**

**Член 13**

При извршување на службени работи доколку корисникот на возилото не најде слободен (бесплатен) паркинг простор плаќањето се врши со СМС

порака од службен мобилен телефон на корисникот на возилото или доколку не постои таква можност за плаќање фискалната сметка од платениот паркиг простор се доставува во благајната на Државниот комунален инспекторат-Скопје по предходно одобрување од директорот на Државниот комунален инспекторат-Скопје.

**Член 14**

За извшрување на службени работи,превозот започнува и завршува во седиштето на Државниот комунален инспекторат-Скопје.

## V.Пријавување на потреба од користење на службено моторно возило

**Член 15**

Користењето на моторни возила, корисниците го пријавуваат со поднесување на пополнет патен налог и налог за користење на службено моторно возило до директорот на Државниот комунален инспекторат-Скопје.

Потребата за користење на моторно возило,се пријавува најмалку еден ден пред потребата за извршување на превозот.

Во исклучителни случаи,кога патувањето е од итен карактер,потребата може да се пријави и непосредно пред патувањето.

**Член 16**

Налозите за патување и користење на службено моторно возило за превоз ги потпишува директорот на Државниот комунален инспекторат-Скопје.

## VI.Одобрување за користење на моторно возило

**Член 17**

Одобрувањето за користење на моторните возила, по претходно изготвен план од лице задолжено за водење на евиденција на користење на службените моторни возила,го врши директорот на Државниот комунален инспекторат-Скопје.

Директорот го задржува правото по свој наод и мислење да изврши промена на планот за употреба на возилата.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН КОМУНАЛЕН ИНСПЕКТОРАТ-СКОПЈЕ

## VII. Грижа за возилата и опремата и надомест за направена штета

**Член 18**

При користење на моторните возила,корисниците се должни во моторните возила да се однесуваат внимателно и да не го оштетуваат ентериерот и опремата во возилото.

**Член 19**

Во случај корисникот да направи штета на возилото за кое се задолжени,одговараат за неговата исправност и навремено ја најавуваат неисправноста на возилото.
Водат пропишана евиденција и поднесуват извештај до претпоставениот раководител и одговорното лице за возилата,се грижат за хигиена во возилото и изгледот на возилото.

**Член 20**

При службено патување,возачите го избират нај соодветниот пат,водејќи сметка за економичноста и навремено извршување на превозот.

**Член 21**

При извршувањето на превозот, возилата се паркираат на одредено место во Државниот комунален инспекторат-Скопје.

**Член 22**

Овој правилник влегува во сила од неговото потпишување

**Изработил**

**Kadrije Azizi**

**в.д. ДИРЕКТОР,**

**м-г Sali Ajdini**